# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 62** **26 март 2019, вторник** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**С О Д Р Ж И Н А**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 887. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „VIGOROUS WARRIOR 19”, во Република Романија.................. | 2 |
| 888. | **Одлука** за давање на одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица....... | 2 |
| 889. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда..... | 2 |
| 890. | **Решение** од Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување............................. | 3 |
| 891. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија................................. | 3 |
| | **Огласен дел** ....................................... | 1-140 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**887.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „VIGOROUS WARRIOR 19”, ВО РЕПУБЛИКА РОМАНИЈА

1. За учество во вежбовната активност „VIGOROUS WARRIOR 19“, која ќе се одржи во Република Романија, во периодот од 1-12 април 2019 година, се испраќа 21 (дваесет и еден) припадник на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и дневниците за службено патување на припадниците на Армијата ги обезбедува Министерството за одбрана, а исхрана ја обезбедува Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1646/1
19 март 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**888.**

Врз основа на член 90 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА

1. Владата на Република Северна Македонија дава одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул. 18, бр. 30 - нас. Радишани, Скопје, Имотен лист бр. 3552, на КП бр. 3328, КО Радишани, на лицата Елена Ѓоревска со адреса на живеење бул. АСНОМ 14-1/7 – Скопје и Мери Терзиева Павловска со адреса на живеење ул. Гемиџиска бр. 4-2/1 – Скопје.

2. Установата од точка 1 од оваа одлука обезбедува опрема, простор, средства и кадри за социјална заштита и згрижување до 35 корисници согласно член 3 алинеја 1 од Правилникот за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита за стари лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 125/15).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1922/1
19 март 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**889.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), постапувајќи по барањето на Македонски енергетски ресурси АД Скопје за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност од 4.3.2019 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 15.3.2019 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Македонски енергетски ресурси АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - седма емисија на 8.925 обични акции, во вредност од 892.500 евра односно 54.997.367 денари согласно Одлуката број 45-990/1 од 5.2.2019 година за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од седма емисија по пат на приватна понуда, донесена од Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на акционери на друштвото.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката број 45-990/1 од 5.2.2019 година.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 8 (осум) дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од 3 (три) работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 5 (пет) работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП 1 Број 10-12
15 март 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**890.**

Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, врз основа на член 52-а, став (1) точка ј) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018) и член 56 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013), по барање на Заваровалница Триглав ДД Љубљана, Република Словенија, број 14-244/1 од 6.2.2019 година, на седницата одржана на 20.3.2019 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се издава дозвола број 03 на Заваровалница Триглав ДД Љубљана, Република Словенија, за основање друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

2. Се издава условно одобрение број 03-01 за управување со задолжителен пензиски фонд на Заваровалница Триглав ДД Љубљана, Република Словенија.

3. Се издава условно одобрение број 03-02 за управување со доброволен пензиски фонд на Заваровалница Триглав ДД Љубљана, Република Словенија.

4. Одобренија од точките 2 и 3 на ова решение се условни се до исполнувањето на условите од член 57 став (3) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Бр. 14-244/13
20 март 2019 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Максуд Али,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**891.**

Врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), а во врска со член 241 став 1 и став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18) и член 10, став 5 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЦИ ЛУКС ДООЕЛ Штип, на ден 19.3.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ БЛАТЕШНИЦА“ со реф.бр. 349, УП1 бр.08 - 257/12 од 8.5.2013 година, на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЦИ ЛУКС ДООЕЛ Штип, се продолжува до 22.2.2020 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 бр. 08-257/12
19 март 2019 година
Скопје

Заменик претседател,
**Куштрим Рамадани,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

ISSN 0354-1622

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

2019062